**Стоп за рамнодушноста -** Да ја сочуваме хуманоста
**Stop për indiferencën –** Ta ruajm humanitetin
**Stop Indifference –** Save Humanity

**Црвен крст на Република Македонија**
**Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë**
**Macedonian Red Cross**



# МИСИЈА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

"Да го спречи и ублажи човековото страдање каде и да е, да го заштити животот и здравјето, да обезбеди почит и достоинство за човековото битие, особено во време на вооружени конфликти, несреќи и катастрофи, да работи на превенција од болести и унапредување на здравствената и социјалната добросостојба на луѓето, да поттикне доброволно ангажирање и постојана подготвеност за давање помош како и универзално чувство за солидарност и хуманост".

**Мигрантите сочинуваат 3% од целокупната популација во светот. Тоа значи дека 1 од секои 35 лица во светот е мигрант.**



Миграцијата е феномен кој може да влијае на секоја земја. Многу мигранти се селат своеволно, а голем дел од нив се натерани да се отселат. Се повеќе луѓе се присилени да ги напуштаат своите домови и општества поради многу фактори: конфликти, прогонувања, природни катастрофи и сиромаштија.

Црвениот крст на РМ во партнерство и со поддршка на Високиот Комесаријат за бегалци (УНХЦР), Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина (МФЦК/ЦП) и Меѓународниот Комитет на Црвен крст (МКЦК) е вклучен во олеснување на страдањата на мигрантите и бегалците кои транзитираат низ територија на Република Македонија.

- Јуни 2015 година-патролирање на екипите на Црвениот крст на автопатот Гевгелија-Куманово и пружање прва помош на голем број на мигранти и бегалци
- Септември 2015 година-направени се транзитни центри за мигранти и бегалци на Винојуг-Гевгелија и Табановце-Куманово, мобилизирани 11 мобилни тимови со 264 волонтери обучени за укажување прва помош и дистибуција на хуманитарна помош
- Црвениот крст обезбедува 24 часовно покривање на потребите на мигрантите и бегалците
- Од јуни 2015 до март 2016 година, поделени се 491.966 шишиња со вода, 47.359 пакети со храна, 15.936 хигиенски пакети, 53.492 ќебиња, 3.544 сетови за прва помош, 13.149 јакни, 16.002 кабаници...
- 185.362 асистенции на мобилните тимови на Црвен крст за укажување прва помош

Кампањата "Стоп за рамнодушноста-Да ја сочуваме хуманоста" ги повикува луѓето, партнерите и носителите на одлуки на солидарност со мигрантите и бегалците, за нивна заштита како и гарантирање на нивната безбедност и достоинство, без дискриминација, во секој чекор на своето патување.


За повеќе информации:

**Црвен крст на Република Македонија**

Адреса:Бул.Кочо Рацин бр 13 1000 Скопје,
Република Македонија
Телефон: +389 2 311 43 55
Факс: +389 2 323 05 42

**WWW.REDCROSS.ORG.MK**

www.facebook.com/CrvenKrstNaRepublikaMakedonija

YouTube www.youtube.com/MacedonianRedCross